Бр./Nr 09-1045/4
28-05-2020 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Северна Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на 30-тата седница, прво продолжение, одржана на ден 18.05.2020 година донесе

**Одлука**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата го запира постапувањето по предметот со број 09-1045/1 од 05.03.2019 година, бидејќи по барање на Државната комисија, Државен трудов инспекторат, како надлежен орган постапи и презеде мерки по овој предмет.

Предметот со број 09-1045/1 од 05.03.2019 година, да се затвори и да се архивира.

Образложение

Државната комисија за спречување на корупцијата постапуваше по пријава за непотизам при вработувања во ДСУ -------------- -Скопје, доставена од лицето ----------- од Скопје.

Во пријавата е наведено дека Директорот на наведената институција, --------------, по стапување на функција во 2016 година, го вработува својот син -----------------, без потребни квалификации за работно место наставник по практична настава во машинска струка, додека пријавувачот -------------, вработен во институцијата од 2007 година го прераспределува од машинска струка во градежна струка без оглас.

Заради целосно утврдување на фактичката состојба по отворениот предмет, Државната комисија за спречување на корупцијата побара од Државниот инспекторат за труд да изврши инспекциски надзор во ДСУ ---------------------, со цел испитување на вработувањето на лицето --------------, односно утврдување дали истото лице ги исполнило бараните услови за вработување во наведената институција, како и да го испита прераспределувањето на лицето ---------------.

Од Државниот трудов инспекторат е доставена информација дека на ден 17.04.2019 година е извршен инспекциски надзор од областа на работните односи во ДСУ -----------------и"-Скопје со цел да се проверат наводите доставени од Државната комисија.

Од увидот на презентираната документација од страна на ДСУ -----------------, Државниот трудов инспекторат констатирал дека лицето ------------------ со работодавачот склучил договор за вработување бр. 094-558/2 од 30.09.2016 година за извршување на работа на работно место, наставник по практична настава во машинска струка на определено време од три месеци за итни и неодложни работи без

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

огласување со посредување на Агенцијата за вработување на РСМ -Скопје со добиена согласност од Министерството за образование и наука Скопје, со работно време од 20 наставни часови неделно. По објавениот оглас во октомври во 2016 година за вработување до крајот на 2016/2017 година за работно место наставник по практична настава во машинска струка, единствен пријавен кандидат бил ------------- и директорот донел одлука за вработување на единствениот кандидат. Од 29.11.2019 година именуваното лице склучува договор за вработување на определено време од три месеци за истото работно место. Понатаму, -------------, склучувал договор за вработување на определено време од три месеци со бр.04-454/2 од 31.08.2017 година, договор за вработување на определено време од три месеци со бр.04-21/3 од 04.01.2018 година и последниот договор за вработување на определено време од три месеци со бр.04-5469/2 од 03.09.2018 година. Сите овие договори се склучени за извршување на исти работни задачи, наставник по практична настава во машинска струка. Наведеното лице од 03.12.2018 година до денот на вршење на надзорот од ДТИ, немал склучено договор за вработување со работодавачот, а ги извршува работните задачи - наставник по практична настава во машинска струка. Тој исто така не бил одјавен од задолжителното социјално осигурување од страна на работодавачот. За ова работно место на ден 06.02.2019 година е објавен јавен оглас , но изборот не бил извршен поради распишување на претседателските избори од 08.02.2019 година.

Притоа не се потврдуваат наводите од пријавата дека лицето -------------- е без потребни квалификации за работно место - наставник по практична настава во машинска струка, односно Државниот трудов инспекторат утврдил дека истото лице има диплома од завршен прв циклус на студии на машинскиот факултет на УКИМ по заварување и дизајн на конструкции со звање дипломиран инженер и ги исполнува условите утврдени во Правилникот за систематизација на работни места со бр.02-484/2 од 07.09.2016 година на ДСУ -----------, за работно место наставник по практична настава во машинска струка.

----------- завел работен спор на ден 24.20.2018 година пред Основен суд Скопје II Скопје за трансформација на работниот однос од определено време на неопределено време. Судот донел Пресуда РО-3108/18 од 21.02.2019 година на работникот -------------- да му се трансформира на работниот однос од определено време на неопределено време, а против истата ДСУ ------------------ поднел Жалба преку Основен суд Скопје II Скопје, до Апелационен суд Скопје. Овој предмет се уште е во тек.

Во однос на прераспределувањето на лицето ----------------, Државниот трудов инспекторат констатирал дека наведеното лице склучило договор за вработување на определено време со неполно работно време на работно место, наставник по практична настава за занимање пом.молер за период од 01.10.2007 година до 31.12.2007 година. Во периодот од 2008 година до 01.12.2014 година именуваниот склучувал договори на определено време на три месеци на истото работно место, а од 01.12.2014 годинана работно место наставник по практична настава во машинска струка со полно работно време. По објавен оглас во октомври 2016 година за вработување до крајот на 2016/2017 година за работното место наставник по практична настава во градежна струка единствен кандидат било лицето ------------ и директорот донел одлука за избор на овој кандидат. Од 01.10.2016 година ----------- склучува договор за вработување на определено време на три месеци на работно место по практична настава во градежна струка со полно работно време се до 03.09.2018 година, кога е склучен последниот договор. Во период од

03.12.2018 година, пасе до моментот кога Државниот трудов инспекторат извршил надзор, лицето --------- не е одјавено од задолжителното здравствено осигурување од страна на работодавачот, но нема склучено договор за вработување, а ги извршува работните задачи - наставник практична настава во градежна струка. Според увидот во персоналното досие на лицето ------------- ДИТ констатирал дека истиот не ги исполнува условите за вид на образование за работно место на кое е распореден во моментот, односно наставник практична настава во градежна струка туку за работно место наставник практична настава во машинска струка.

Со не склучување на договор за вработување со наведените лица, Државниот трудов инспекторат констатирал дека е прекршен член 13 став 1 од ЗРО и дал укажување до директорот на -----------------, на работниците -------------- и ----------------- работниот однос да им се уреди со Договор за вработување согласно Законот за работни односи.

Со доставеното барањето за вршење на инспекциски надзор до Државниот трудов инспекторат, и изречените мерки од страна на ДИТ согласно своите надлежности, како и поради фактот што работниот спор кој го повел работникот ---------------- се уште е во тек пред надлежниот суд, Државната комисија нема елементи за натамошно постапување по предметот.

Согласно погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Republika e Maqedonisë së Veriut – Република Северна Македонија – ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА – KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT – Скопје – Shkup

По заклучок од седница на ДКСК,
Изработил:
м-р Станка Милановска - Виш соработник
Одобрил:
Катица Николовска, член на ДКСК